**УГОТУР Акционерско друштво за организирана исхрана,угостителство и туризам, агенциско работење и трговија** **ПРЕДЛОГ**

бр.--------

од 27.05.2020 година

Врз основа на член 35 од Статутот на УГОТУР АД Скопје, како и членовите 455 и 456 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на ден 27.05.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на голема зделка**

Член 1

Се одобрува голема зделка која претставува одобрување на набавка на стоки и услуги од страна на УГОТУР АД Скопје како купувач на тие стоки и услуги од повеќе добавувачи, како и продажба на истите на друштвото Европа АД Скопје, како корисник.

Вкупната вредност на зделката од претходниот став се определува на износ од најмногу 350.000 илјади денари.

Член 2

УГОТУР АД Скопје ќе врши набавка на стоки и услуги врз основа на барање за набавка на истите од страна на Европа АД Скопје како корисник.

УГОТУР АД Скопје ќе врши набавка на стоки и услуги од повеќе добавувачи, кои имаат најповолни понуди.

По прифаќање на понудите се склучуваат поединечни договори меѓу добавувачите, УГОТУР АД Скопје и Европа АД Скопје.

Член 3

Вкупната вредност на зделката опишана во став 1 и став 2 од оваа Одлука претставува голема зделка согласно член 455 од Законот за трговските друштва во однос на книговодствената вредност на имотот на друштвото, кој според последните ревидирани финансиски извештаи износува 51.145 илјади денари.

Член 4

Собранието на акционери со оваа Одлука потврдува дека е во интерес на друштвото да пристапи кон склучување на предметните договори и истите ги потврдува, дека е запознаено и се согласува со сите корпоративни и други обврски за друштвото предвидени со нив.

Собранието на акционери го овластува извршниот директор на друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија вклучително и потпишувањето на сите потребни документи во врска со реализација на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

**--------------------------**

**Образложение**

Органот на управување на друштвото испитувајќи ги можностите на пазарот околу проширување на делувањето во насока на изнајдување на нови клиенти со кои ќе се отворат можности за остварување на дополнителни приходи, стапи во контакт со деловниот партнер, друштвото ЕВРОПА АД Скопје кое има потреба од унифицирана набавка на стоки (репроматеријали, амбалажа и друго).

По извршените контакти и воспоставување на деловни односи со добавувачите, како партнери и друштвото ЕВРОПА АД Скопје како купувач и краен корисник на стоките и услугите, се пристапи кон реализација на деловниот потфат.

Со оглед на проектираната вредност на вкупните потреби на корисникот на зделката, истата претставува голема зделка за која собранието е надлежно за донесување на Одлука.